ПРОДОЛЖУВА ИСПЛАТАТА НА СРЕДСТВА ОД ИПАРД ПРОГРАМАТА

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој продолжува со исплата на средства од ИПАРД Програмата.
По успешната реализација на инвестициите уште тројца корисника добија средства од ЕУ фондовите наменети за рурален развој.




Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати 12.023.983,00 денари на корисникот МИК Свети Николе ДОО од Свети Николе за модернизација и технолошко усовршување на постојните кланични капацитети за говеда, свињи и живина.

Од вкупно исплатените средства, 9.017.987,00 денари се средства од буџетот на ЕУ и 3.005.996,00 денари се средства од буџетот на РМ.

За инвестиции за обновување на постоечки овошни насади исплатени се корисниците Ванчо Илиевски од Ресен со вкупно 191.821,00 денари од кои национално кофинансирање од 47.955,00 денари и ЕУ дел 143.866,00 денари.

Корисникот Дана Петковска од Битола е исплатен 191.821,00 денари од кои 143.866,00 денари се ЕУ средства и 47.955,00 денари национално кофинансирање.